# АНТИЧКА ЛИРИКА



Лира

Лириката своето име го добила од стариот хеленски музички инструмент наречен **лира**.

Имено, лирските песни се пееле само во придружба на музика и танц, па затоа овој книжевен вид го носи тоа име. Хеленските и римските лиричари своите чувства и мисли ги изразувале преку лирските песни кои имале значајно пократка содржина од епските.

*Во хеленската митологија Орфеј бил славен митски пејач, кој од богот Аполон ја добил лирата, а пеејќи ги маѓепсувал луѓето, ги кротел ѕверовите, ги поместувал дрвјата и карпите.*

Античката лирика е поделена на **хорска** и **монодиска**. Песните од хорската лирика се составувале за пеење во хор по повод некој настан или за некоја бележита личност, додека песните од монодиската лирика имале поинаква намена, тие се пееле само од страна на едно лице кое често било творец на песната.



Митски пејач Орфеј

Во обредните хорски лирски песни спаѓаат: химна, пајан и дитирамб.

Како се поделени песните од хорската лирика?

Хорските песни имале свет и јавен карактер, па според тоа тие се поделени на два вида: обредни и световни.

Во световните хорски лирски песни спаѓаат: тренос, епиникија, епиталамија и сколион.

## ЛИРСКИ ПОЕТИ

Од хеленските лиричари, најпознати се Алкај, Сапфо и Пиндар, а од римските Катул, Хоратиј, Овидиј.

Сапфо се смета за првата поетеса која пишувала песни за љубовта, уживањето и сетилните задоволства. Нејзините песни се зачувани во фрагменти.




Биста на Хоратиј



Ликовен портрет на Катул



Мермерна скулптура на лирската поетеса Сапфо



Биста на лирскиот поет Пиндар


Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND